SIGAL Life Insurance Group

СИГАЛ ЛАЈФ А.Д. Скопје
бул. Илинден бр.1
1000 Скопје
Тел. (02) 3288 820,
E-mail: life@sigal.com.mk

# Документ со клучни информации

KID
Унит Линк
ВФП ЕТИКС АКЦИИ
(Повеќекратна премија)

## Намена

Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик и има за цел да ви помогне во разбирање на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби од овој производ и да ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Назив на осигурителен производ: Унит Линк со повеќекратна премија

Скратен назив на отворениот инвестициски фонд: ВФП ЕТИКС АКЦИИ Идентификациски број на фондот: 9100000000261

Друштвото за животно осигурување СИГАЛ ЛАЈФ АД Скопје (во понатамошен текст СИГАЛ ЛАЈФ)

Бул. Илинден бр.1 Скопје контакт 023 288 820, e-mail: life@sigal.com.mk, www.sigal.com.mk

Надлежен орган за супервизија Агенција за супервизија на осигурување, Ул. Македонија бр.25 ,Палата Лазар Поп Трајков, кат 5 контакт тел. 02 3254 050, www.aso.mk

Датум на последно ажурирање на документот : 10.07.2026 ВФП ЕТИКС АКЦИИ - Повеќекратна _V 4-2026.

---

Се спремате да купите производ кој не е едноставен и може да биде тежок за разбирање.

---

## II. КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОВОЈ ОСИГУРИТЕЛЕН ПРОИЗВОД?

**Опис**

Унит Линк е осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови каде согласно Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови, СИГАЛ ЛАЈФ се обврзува во случај на загуба на животот на осигуреникот да исплати на корисникот на осигурување загарантирана осигурена сума во случај на смрт и вредноста на инвестициското портфолио а договорувачот се обврзува да ја плати договорената премија наведена во полисата. Освен загарантираниот износ во случај на смрт, вредноста на инвестициското портфолио по истек на осигурување,откупната вредност на полисата за осигурување и вредноста на портфолиото во фондот се директно изложени на флуктуации на пазарот(промена на цена) и не се однапред утврдени во фиксен (загарантиран) износ. Вредност на инвестициско портфолио е производот од вкупниот број на удели и цената на уделот на денот на пресметката во Инвестициски фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ (во натамошниот текст: Фондот) по индивидуална полиса за осигурување. Премијата за вложување која е дел од уплатената премија намалена за сите влезни и континуирани трошоци, се инвестира во удели на Фондот, а осигуреникот го сноси инвестицискиот ризик.

**Цели**

Овој осигурителен инвестициски производ има за цел остварување на капитална добивка и да обезбеди заштита во случај на загуба на живот. Вредноста на уделите во фондот може да се зголеми (што е од корист на осигуреникот) и да се намали (што е ризикот што го презема осигуреникот). Премијата за вложување се инвестира во инвестицискиот фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ. Целта е да се задржи производот до истек на периодот на осигурување со цел остварување долгорочен раст на капиталот кој во Инвестицискиот фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ се остварува преку инвестирање претежно во должнички преносливи хартии од вредност (краткорочни и долгорочни), инструменти на пазарот на пари, депозити и инвестициски фондови со иста или слична стратегија на вложување. Повратот односни исплатата од осигурувањето зависи од движењето на цената на уделите на Фондот, надоместоците и трошоците на производот, бидејќи влијанието на трошоците врз повратот од инвестицијата се намалува со текот на периодот на осигурување. За други детали, видете го делот „ опис на ризици и очекувања од производот?“ и „Останати релевантни информации“.

**Таргет група**

Производот е наменет за физички лица на возраст од 14 до 70 години кои се заинтересирани да инвестираат во инвестициски фондови со осигурителна заштита во случај на загуба на живот, со договорена повеќекратна премија и се подготвени и способни да го преземат ризикот да вложуваат во инвестициски фонд за времетраењето на осигурувањето. Овој производ се склучува за подолг временски период и не е наменет за инвеститори кои сакаат да ги повлечат своите средства пред истекот на периодот за кој е склучен договор за осигурување, ниту за луѓе кои по истекот на осигурувањето очекуваат значителен поврат на средствата уплатени за осигурување. Нивото на ризик на инвестициските фондови мора да одговара на вашата подготвеност да преземете ризици.

**Користи и трошоци од осигурителниот производ**

Овој производ нуди осигурителна заштита со загарантирана исплата на осигурена сума во случај на загуба на животот на осигуреникот, која е договорена како процент од вкупната договорена премија (распонот за избор при склучување на договор е од 5% до 100%) и исплата на вредноста на уделите во Инвестицискиот фонд наведен во полисата за осигурување (вредноста на инвестициското портофлио – погледнете во дел III Опис на ризици и очекувања од производот). На крајот на договорениот период на осигурување (во случај на доживување на осигуреникот), се исплаќа вредноста на инвестициското портофлио. Датумот за утврдување на вредноста на инвестициското портофлио се најмногу петнаесет работни денови од денот кога истекува обврската на Осигурувачот. СИГАЛ ЛАЈФ ја вложува премијата за вложување во Инвестициски фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ. Вистинските придобивки од договорот за осигурување се засноваат на моменталната вредност на фондот. На пример за таргетираниот мал инвеститор на возраст од 30 години, загарантираната осигурена сума во случај на смрт е 5.000 евра,период на осигурување 25 годнини и премија 1.000 евра годишно, која се плаќа според договорената динамика (месечно, квартално, полугодишно, годишно), вкупната договорена премија изнесува 25.000 евра, од кои вкупната премија за ризик смрт изнесува 442.42 евра.

Проценетата просечна годишна премија за ризик смрт изнесува 1,77 % од вкупната договорена премија, додека проценетиот просечен годишен износ на премијата за вложување изнесува 85.47% од вкупна договорена премија. Минималната годишна премија за овој производ е 360 евра

| **Сценарио за доживување/загуба на живот: период на осигурување 25 год.** | **Очекуван принос −2 %** | **Очекуван принос 0%** | **Очекуван принос 6,00%** |
|---|---|---|---|
| Очекувана вредност на инвестициското портфолио во случај на доживување | 17.354,06 € | 22.020,07 € | 48.562,12 € |
| Осигурена сума во случај на загуба на живот во 16-та година од осигурувањето | 16.894,40 € | 18.599,63 € | 25.847,76 € |
| Загарантиран износ | 5.000,00 € | 5.000,00 € | 5.000,00 € |
| Вредноста на инвестициското портфолио | 11.894,40 € | 13.599,63 € | 20.847,76 € |

**Рок**

Договорот за осигурување може да се договори со минимум траење од 5 години и максимум 35 години под услов осигурувањето да заврши во календарската година во која осигуреникот ќе наврши 75 години старост .

Договорот престанува автоматски во случај на смрт на осигуреникот или во случај на откуп на барање на осигуреникот, а СИГАЛ ЛАЈФ може еднострано да го раскине предвреме во случаите наведени во членовите 6-9 од Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови. Детали за ова можете да најдете во делот „Што ќе се случи ако СИГАЛ ЛАЈФ не може да изврши плаќање“. Автоматски ликвидација не е можна. Фондот е основан на неопределено време

## III. ОПИС НА РИЗИЦИ И ОЧЕКУВАЊА ОД ПРОИЗВОДОТ?

Показатели на ризик

Понизок ризик — Повисок ризик

Понизок принос — Повисок принос

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **6** | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Индикаторот за синтетички ризик и принос пресметан врз основа на волатилноста на цената на уделот на фондот, во согласност со методологијата на Комисија за хартии од вредност е во ризична класа **6 .**

Претпоставката на индикаторот за ризик е дека ќе го чувате производот до крајот на препорачаното времетраење. Специфичниот ризик може да биде значително различен ако договорот е раскинат предвреме, а износот што ќе го добиете може да биде помал. Кај предвременото прекинување на договорот за осигурување ( откуп ) се пресметуваат излезни трошоци претставени во Прилог број 1 кон Општи услови за животно осигурување поврзани со инвестициски фондови .

Овој производ е категоризиран како производ со средно висок ризик 6, каде ризикот е категоризиран од 1 до 7 , при што 1 е најнизок, додека 7 е највисок ризик. Најниската категорија не значи вложување без ризик. Категоријата на ризик која е прикажана не е загарантирана и истата може да се промени со тек на време.

**Бидете свесни за валутниот ризик, така што конечниот принос што ќе го постигнете зависи од курсот помеѓу EUR и МКД. Горенаведениот индикатор не го зема предвид овој ризик**

Овој производ не вклучува никаква заштита од идни пазарни настани, инвеститорите треба да се свесни дека со вложувањето во Фондот преземаат определени инвестициски ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. вредноста на уделот може да расте или опаѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантиран. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен. Најзначајните ризици кои влијаат на цената на фондот произлегуваат од изложеноста на фондот и од инвестициските ризици и степенот на влијание дефинирани во Проспектот на инвестицискиот фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ, како што се: Пазарен ризик (Висок), Каматен ризик (Низок), Кредитен ризик (Низок), Ликвидносен ризик (Низок), Валутен ризик (Среден), Ризик од промена на даночните прописи (Низок), Политички ризик (Низок), Оперативен ризик (Среден). Што се случува ако не можеме да ви исплатиме е опишано во делот „Што се случува ако СИГАЛ ЛАЈФ не може да изврши исплата?“.

Можна е максимална загуба поради пад на вредноста на уделите на фондот, инвестицијата во фондот не е обезбедена со гарантен фонд, воедно информација за тоа што ако друштвото не може да изврши исплата може да се најде подолу во делот Кои се последиците во случај друштвото да не може да изврши исплата.

Просечниот месечен принос на отворениот инвестициски фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ заклучно 30.06.2026

| Просечен месечен принос за ВФП ЕТИКС АКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
| Просечен месечен принос | 2.62% | | |

Проспектот на отворениот инвестициски фонд можете да го најдете на следниот линк: Проспект Етикс Акции

## IV. КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ СИГАЛ ЛАЈФ ДА НЕ МОЖЕ ДА ИЗВРШИ ИСПЛАТА?

Осигурувачот секогаш ќе може да изврши исплата на загарантираната осигурена сума и на вредноста на уделите по полисите за осигурување и за нив СИГАЛ ЛАЈФ формира посебна резерва. Во случај на ликвидација или стечај на осигурувачот, над средствата што ги покриваат резервите за договорите за осигурување кои се директно поврзани за вредноста на инвестирањето не може да се спроведе извршување ниту пак тие средства не влегуваат во стечајната или ликвидациона маса. Во случај на стечај на осигурувачот, Договорот за осигурување престанува по истекот на 30 дена од отворањето на стечајот Во случај на припојување или ликвидација на Инвестициски фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ во кој се вложува премијата за вложување, на договарачот ќе му се даде алтернатива да премине во друг фонд кај истото ДУИФ-ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, да премине во друг фонд кај друго ДУИФ за што треба да се произнесе во рок од 15 дена.

Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива се на товар на друштвото.

Доколку договарачот во предвидениот рок не ја прифати можноста за премин во друг фонд, друштвото ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување.

## V. КОИ И КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДОТ?

Во рамки на осигурувањето на живот поврзано со инвестициони фондови од премијата за осигурување , осигурувачот наплатува: излезни трошоци за откуп на осигурувањето, влезни и излезни трошоци на инвестицискиот фонд и трошоци за обработка на портфолиото на инвестициските фондови, ако Друштвото за управување со инвестициски фондови во согласност со проспектот за изработка на фонд ги наплаќа. - трошоци за осигурување

Кај договорите со повеќекратно плаќање на премија за осигурување трошоците за осигурување се состојат од аквизициски трошоци, административни трошоци и трошоци за наплата. Ако согласно законските прописи биде одредена обврска за плаќање на данок на инвестициските вложувања во фондови или на премијата, данокот ќе се одбие од инвестициското портфолио или од премијата за осигурување. Со оглед на тоа дека трошоците за осигурување зависат од избраната осигурена сума и од возраста на осигуреникот, тие може да варираат по полиса. Вистинските трошоци зависат од возраста и полот на осигуреникот, договореното траење и износот на осигурената сума во случај на смрт.

| Расчленување на трошоците | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трошоци | Влезни трошоци (трошоци за дистрибуција) | 6,5% од вкупно договорена бруто премија | Ефектот на трошоците што ги плаќате при склучување на договор за осигурување |
| | Излезни трошоци | 0.5% - 3% од инвестициско портфолио | Ефектот на трошоците што ги плаќате при раскинување на договор за осигурување |
| Повторувачки трошоци | Трансакции трошоци на инвестициското портфолио | - | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите во отворените инвестициски фондови |
| | Останати повторувачки трошоци (трошоци за ризик смрт, административни трошоци и останати трошоци) | 4 % од годишна премија<br>0.26 % од годишна премија | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со вашите инвестиции и други трошоци |
| Повремени и непредвидени трошоци | Надоместоци за успешност | - | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност |
| | Учество во добивка | - | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност |
| Напомена:Надоместот за предвремено раскинување на договорот откуп изнесува: откуп после 3 година 3%, од 4 до 5 година 2%,над 5 година 0,5%. Еднократите влезни трошци се наплатуваат првите четири години.Повторувачки трошоци се наплатуваат за цело времетраење на договорот за осигурување. | | | |

## VI. ОПЦИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ПОСЛЕДИЦИ?

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПРОИЗВОДОТ ДА СЕ ЧУВА ДО ИСТЕК НА ПЕРИОДОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

За да се постигне оптимален соодност на осигурително покритие, трошоци и поврат на инвестицијата, се препорачува производот да се чува ДО КРАЈОТ НА ТРАЕЊЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕ.

Почнувајќи по истек на третата година од осигурувањето, можно е предвремено откажување на договорот (откуп), а откупната вредност зависи од успешноста на фондот. Вредноста на откуп може да биде значително помала од платената премија. При исплатата на откупната вредност односно во случај на делумен откуп, СИГАЛ ЛАЈФ наплатува надоместок како процент од вкупниот износ на вредноста на инвестициското портфолио кои се дефинирани во Прилог 1 кон Општи услови за животно осигурување поврзани со инвестициски фондови
Можно е да се изврши делумен откуп ако преостанатиот износ на инвестиционото портфолио изнесува најмалку 1.000 евра
Во случај на смрт и по истекот на периодот на осигурување, не се наплаќаат излезни трошоци и надоместоци како што може да видите и во табелата за ефектот на трошоците врз приносот на крајот од препорачаниот период.

## VII. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ / ПРИГОВОРИ?

Дополнителни прашања поврзани со производот или можни поплаки, претставки/приговори поврзани со работењето на Друштвото за осигурување или лицето кое советува или го продава осигурителниот производ може да го поднесете во дирекција на друштвото на адреса Друштвото за животно осигурување СИГАЛ ЛАЈФ АД Скопје, Бул. Илинден бр.1 или да доставите на електронска адреса life@sigal.com.mk

Доколку лицата не можат да ги остварат своите права согласно договорот за осигурување (полисата) или нивните права се загрозени со активност од страна на субјектите, потребно е прво писмено да се обратат до истите. Доколку не се задоволни од одговорот или субјектот не ги извести во рок од 30 дена, тогаш имаат право да поднесат претставка до Агенцијата за супервизија на осигурување во писмена форма во електронска форма на pretstavki@aso.mk ; или лично во Агенцијата за супервизија на осигурување со изготвување на записник.

## VIII. ОСТАНАТИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

Пред да склучи договор за осигурување, СИГАЛ ЛАЈФ е должен да му ги достави на осигурувачот сите потребни информации за договорот за осигурување, кои освен во овој документ се содржани во следните документи: Информативна пресметка, Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови, Дополнителни и Посебни услови ако се договорени дополнителни осигурувања, Прилог 1и истите документи може да се најдат на интернет страницата https://sigal.com.mk/uslovisigallife/

Дополнителни информации поврзани со Фондот, проспектот и правилата на фондот, како и клучни информации за инвеститорите, се достапни на веб-страницата.WVP Етикс Акции - WVP Fund Management

Депозитарна банка на Фондот е: Комерцијална банка АД Скопје